# Професори
# + Студенти

**Годишна изложба на дела**
на професори и студенти
од уметничките факултети



# Содржина


10-15 **Ангела Витановска**
вовед

16-17 **Учесници (професори + студенти)**

18-29 **Факултет за ликовни уметност, Скопје**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

проф. м-р Мирко Вујисиќ + студенти
проф. д-р. Славица Јанешлиева + студенти
проф. м-р Ладислав Цветковски + студенти
проф. д-р. Фехим Хусковиќ + студенти

30-38 **Факултет за уметност и дизајн**
Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје

проф. д-р Александра Петрушевска Ристовска + студенти
проф. м-р Срѓан Миќиќ + студенти
вон. проф. Лазе Трипков + студенти
доц. м-р Владимир Ѓорѓиески + студенти

40-47 **Факултет за дизајн и мултимедија**
Универзитет АУЕ-ФОН, Скопје

проф. д-р Марија Ветероска + студенти
доц. м-р Емилија Славкова + студенти
проф. м-р. Милош Милосављевиќ + студенти

48-51 **Ликовна Академија**
Универзитет Гоце Делчев, Штип

вон. проф д-р Слободан Милошески + студент
вон. проф. м-р Јана Јакимовска + студент

52-61 **Факултет за арт и дизајн**
Европски Универзитет, Скопје

проф. д-р Гордана Вренцоска + студенти
проф. д-р Јана Манева - Чупоска + студенти
проф. м-р Благојче Наумоски + студенти
асс. м-р Славица Танеска + студенти

62-65 **Факултет за уметности**
Универзитет во Тетово

проф. м-р Решат Амети + студенти

66-71 **Скала**
Школа за дизајн и уметност

Зоран Кардула + студент
Дејан Џолев, Антонио Станков (асистент) + студент
Апостол Тноковски + студент

72-73 **Индекс**

**Паралелите,**
**особено оние**
**генерациските,**
**секогаш нудат**
**нешто интересно и**
**посебно привлечно.**
**Да ѕирнеш и да**
**направиш споредба**
**од еден во друг**
**свет,**
**од една во друга**
**мисла,**
**од една во друга**
**согледба**
**на нештата.**

Кај секој млад уметник, присутно е влијанието од професорот во чија класа студентот го оформил своето образование, она понекогаш дури и ,,слепо" следење на ,,туѓи" ликовни сфаќања во разрешувањето на основните ликовни проблеми и гледање на нештата, како и разликата во третманот на мотивот и техничката изработка. Меѓутоа, секој уметник, како една самостојна и независна индивидуа, сам по себе е доказ за својот сопствен ликовен талент, интерес и разбирање на светот и нештата кои го опкружуваат. Оваа наклонетост и природна дарба кои ја карактеризираат секоја личност, се главните, пресудни фактори во оформувањето на онаа уметничка индивидуалност која подоцна ја нарекуваме ликовен ракопис на еден творец и тенденција за градење личен израз, јасна уметничка определеност кон крајниот облик и потрага по постигнување извесни резултати во експериментирањето со нови содржини и тематики во текот на студиите.

Групната изложба организирана во соработка на Град Скопје и ЈУ Младински културен центар, едноставно насловена „Професори и студенти“ го нуди токму ова. Да се направи споредба во еволуцијата на индивидуалниот (и групен израз) и различните влијанија од (и на) излагачите. Замислена како еден генерациски пресек помеѓу различни групи автори, постари и помлади, ментори и ученици, изложбата има за цел да направи еден општ преглед на творечкиот развој и патот кон кој (одбрале) се движат младите автори, поттикнати од сопствената желба, но и пасијата на нивните ментори. Уметничката визија која заеднички ја делат и страста да направат отстапки во потрагата по нешто ново, всушност е главен двигател на нивното творештво и претставува доказ за едно смело чекорење кон иднината на сопствената кариера, без оглед дали се работи за покласичен и потрадиционален третман во пристапот, или сепак за нешто поново и поинвентивно, кое е во тек со современите уметнички практики. Одовде, како што наведува и самиот наслов, изложбата вклучува широка селекција на дела изработени од талентираните раце на младите студенти-ентузијасти и нивните професори од факултетите и школите за уметност и дизајн кои се актуелни во земјава, меѓу кои: Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Меѓународниот Балкански Универзитет (МБУ), Факултет за дизајн и мултимедија (ФОН), Ликовна академија при Универзитетот ,,Гоце Делчев“ од Штип, Факултет за арт и дизајн при Европскиот универзитет во Скопје, Факултет за уметности при Државниот универзитет во Тетово и ,,Скала“- Школа за дизајн и уметност.

Како што потенцираат организаторите, настанот ќе има за цел да стави акцент на широкиот спектар од наставни програми со кои располагаат приватните и државни

отворени можност

општа дискусија

алезна маса

# без поделби

универзитети во Македонија, да ја потенцира разликата меѓу нив, како и да ги актуелизира наставните потенцијали и квалитетот на нивните ученици со дела од областа која ја студирале. Изложбата, всушност претставува еден селективен избор на веќе етаблирани, но и автори чијшто потенцијал допрва ќе се развива, уметници од различни генерации и насоки- сликари, графичари и графички дизајнери, фотографи, скулптори, илустратори но и претставници од модниот дизајн и индустрија, кои посветено работат на полето на визуелните уметности години наназад. Различните стилски определби и различните дискурси, нема да претставуваат пречка, туку напротив, ваквата разноликост е и она што се очекува, главната цел и идеја на еден ваков проект- да се отвори ,,прозорец" кон една постојана взаемна практика за меѓусебна соработка и размена на идеи меѓу идните генерации млади творци, која ќе резултира со тоа секој понатаму да продолжи да чекори кон автономен развој, градејќи го својот автентичен стилски пристап. Одовде, индивидуалитетот на секој од авторите и влијанието на менторот кој стои зад нив, ќе доведат до тоа изложбата да понуди една вистинска стилска и тематска разнообразност во ликовниот израз, кој во иднина може да биде само уште еден предизвик во поривот за развој на сопствениот, индивидуален специфичен опус, а токму ваквата разнообразност овозможува на изложбата да бидат застапени речиси сите техники и изразни медиуми, без било какво ограничување.

Иницијативите од ваков вид и напорот за будење на интересот кај младите се секогаш топло добредојдени и од страна на публиката и од страна на ликовната фела, како уште една можност да се прикаже трудот на младите творци, без притоа да се прави поделба на квалитетот на делата, а сепак од друга страна- да им се даде отворена можност на оние, доволно провокативни изработки,

# отворен дијалог



да покренат општа дискусија, интересирање и отворен дијалог за концептот на ,,тркалезна маса“, каде што секој ќе може слободно да дискутира со авторите за селекцијата, квалитетот на студиите, можностите кои ги нуди образованието од ваков тип, како и за самата селекција и квалитетот на изработка на самите презентирани дела. Оваа идеја истовремено отвора можност за унапредување и развивање на критичката свест во подобрувањето на квалитетот на работата, како поле за меѓусебен натпревар, како за менторите, така и за нивните студенти, но и пред сè мотивација на младите генерации за успешно чекорење напред во водите на уметноста и креативните индустрии, како и потенцијалот кој го нудат истите.

**Ангела Витановска**
историчар на уметноста,
мај, 2023

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Работата на Ликовната академија при универзитет „Гоце Делчев" во Штип е втемелена на ликовност, креативност и развивање на индивидуалноста на студентите. Преку изучување на студиската програми Класично сликарство и Вајарство на Ликовната академија, студентите ги совладуваат елементите и принципите на ликовниот јазик, кои не само што се основа на класичните туку и на современите ликовни форми на изразување.

Целиот процес на студирање е индивидуална активност на студентите или работа во мали групи каде професорот е главниот креатор на програмата. Овој тип на индивидуална настава овозможува максимална посветеност на професорот во градење на личениот ликовен израз на студентите.



**вон. проф д-р Слободан Милошески**

„Будење", инокс, 32,5x19x13 см, 2022



**Спирче Јанкоски**

„Лет", дрво, 35x9x4,5cm, 2023



**вон. проф. м-р Јана Јакимовска**

„Страшилото што чува ништо", акрил на платно, 100x70 см, 2016



**Ивана Ивановска**

„Мртва природа со череп", јаглен и креда, 50x70 см, 2023

**Издавач:** ЈУ Младински културен центар - Скопје
**За издавачот:** Никола Алексов В.Д. Директор
**Печати:** Винсент Графика
**Тираж:** 300
**Концепт и дизајн:** Лазе Трипков
Скопје, Северна Македонија 2023

**Editor:** Youth Cultural Center - Skopje
**Editor in chief:** Nikola Aleksov Acting  Director
**Printing:** Vinsent Grafika
**Copies 300**
**concept & design:** Laze Tripkov
Skopje, North Macedonia 2023

МКЦ